# ‚Ме праша за голема работа, но лесно му е на оној кому Аллах му олеснува

Од Муаз бин Џебел, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Реков: ‚О Алахов Пратенику, извести ме за дело кое ќе ме воведе во Џенетот и ќе ме оддалечи од Џехенемот.‘ Тој рече: ‚Ме праша за голема работа, но лесно му е на оној кому Аллах му олеснува: обожувај го Аллах и не Му придружувај ништо, клањај го намазот, давај зекат, пости го месецот рамазан и изврши го аџилакот.‘ Потоа рече: ‚Сакаш ли да те упатам на вратите на доброто: Постот е штит, милосрдиeто ги брише гревовите како што водата го гаси огнот и човековиот намаз во длабочината на ноќта‘. Потоа го рецитираше ајетот: ‚Боковите нивни од постела се креваат...' до крај на ајетот: ‚скриени радости ги очекуваат‘, потоа рече: ‚Сакаш ли да те информирам за главата, столбот и врвот на сето ова?‘ Реков: ‚Сакам, о Аллахов пратенику.‘ Тој рече: ‚Главата на ова е исламот, столбот е намазот, а врвот е борбата на Аллаховиот пат.‘ Потоа рече: ‚Сакаш ли да те известам за она со што ќе го сочуваш сето ова?‘ Реков: ‚Сакам, о Аллахов пратенику.‘ Го фати јазикот со раката и рече: ‚Контролирај го ова!‘, ‚О Аллахов Пратенику, дали ќе бидеме прашани за тоа што го зборуваме?‘, прашав. Тој рече: ‚Тешко на мајка ти за тебе, зарем мислиш дека луѓето ќе бидат фрлени во Џехенемот со лицето или главите, поради нешто друго а не поради она што го кажуваше јазикот?‘“

[صحيح] [رواه الترمذي]

Муаз, радијаллаху анху, рекол: „Патував со Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, па му пријдов додека патувавме, и му реков: ‚Аллахов Пратенику, извести ме за едно дело кое ќе ме внесе во Џенетот и ќе ме оддалечи од огнот.‘ Тој рече: ‚Ме праша за голема работа која му е тешка на човекот да ја изврши, но лесно му е на оној кому Аллах му го олесни тоа: Изврши ги исламските обврски: Прво: Да го обожуваш Аллах единиот, и да не Му здружуваш никого. Второ: Да ги клањаш петте задолжителни намази во текот на денонокието: сабах, пладне, икиндија, акшам и јација, со сите нивни шартови, руknови и ваџиби. Трето: Давањето на зекат, којшто претставува материјален ибадет од обврзувачки карактер, и се дава од секој вид на имот кој ќе ја достигне определената вредност според верозаконот, а им се дава на тие кои го заслужуваат. Четврто: Постот на месецот рамазан, а тоа значи со намера за ибадет да се воздржиме од храна, пијалаци и други работи кои можат да го поништат постот, во период од зората до заоѓањето на Сонцето. Петто: Аџилакот на Аллаховата куќа во Мека, со намера да ги извшиме неговите обреди, обожувајќи Го со тоа Возвишениот Аллах.‘ Потоа Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: ‚Зарем не сакаш да ти го покажам

патот кој ќе те доведе до вратата на доброто? Со тоа што после овие ваџиби ќе продолжиш со нафили: Прво: Доброволен пост, кој го спречува човекот да падне во искушение заради своите страсти, и му ја намалува силата. Второ: Доброволната милостина ги брише направените гревови, прави тие да исчезнат и да се изгубат трагите. Трето: Ноќен намаз во последната третина на ноќта.‘ Аллаховиот пттратеник, алејхи селам, потоа ги рецитирал зборови на Возвишениот Аллах: ‚Боковите нивни се креваат...‘ т.е. се оддалечуваат, ‚Од постела‘ т.е. од креветот, ‚На Господарот свој му се клањаат‘ во намаз, спомнувајќи Го, со рецитирање на Куранот и упатување на дови, ‚Од страв и од желба, а дел од тоа што Ние им го даваме го споделуваат. И никој не знае какви, скриени радости ги очекуваат.‘ т.е. радост на Судниот ден и во Џенетот, ‚како награда за тоа што го правеле.‘ Потоа Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: ‚Сакаш ли да те известам за основата на верата? За нејзиниот столб врз кој се потпира? И за нејзиниот врв?‘ Муаз, радијаллаху анху, рекол: ‚Секако, о, Аллахов пратенику.‘ Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: ‚Главна (најважна) работа е: исламот и двете сведочења (шехадетот), со нив човекот станува верник.‘“ Столбот е: намазот, нема ислам без намаз, исто како што не постои куќа без столбови, па тој што клања неговата вера е силна и исправна; а врвот на таа вера е борбата против непријателите на верата и заради воздигнување на Аллаховиот збор. Потоа, Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Сакаш ли да те известам како да го засилиш и подобриш сево ова што е претходно спомнато?“ Пратеникот, алејхи селам, го фати својот јазик, и рече: „Забрани му на овој орган да зборува за сето она што не те засега.“ Муаз рекол: „Зарем ќе бидеме прашани и ќе одговараме кај Нашиот Господар, и зарем ќе не казнува за сето она што го кажуваме?!“ Тој, алејхи селам, рече: „Мајка нека те загуби!“ Со овие зборови не молеше против него, туку тоа е начин на говор на Арапите, за да предупредат за некоја работа на која требало да се внимава и да се знае, а потоа рекол: „Зарем има нешто што ќе ги фрли луѓето со лице во Џехенемот освен нивните јазици, кои искажале неверување, клеветење, навреда, озборување, лаги и слични работи.“

https://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66530

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee